СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 3 година XLI** **15 АПРИЛ 2005**	Претплата за 2005 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

20.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2005 година

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2005 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.04.2005 година.

Број 0801-678/1
14 април 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 2 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2005 година

Член 1

Во Буџетот на Општина Велес за 2005 година ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.8/04)

Во член 1, износот на Вкупните приходи од "74.498.000,оо" ден. се заменува со износот од "77.988.000,оо". Износот на трансферите од "21.560.000,оо" ден., се заменува со износот "24.060.000,оо" денари, износот на донации од "0,00" се заменува со "990.000,оо" денари.

Износот на вкупните расходи од "74.498.000,оо," денари се заменува со "77.988.000,оо" денари и износот за утврдени намени од "73.903.000,оо" се заменува со износот од ,"77.393.000,оо" денари.

Член 2

Во Образец - Б1 - Програма Администрација се додава нова потставка "741111-Тековни трансфери од други нивоа на власт" во износ од "2.500,о" ден. (во 000 ден.). Износот од "0,00" ден. во приходната потставка 742119 - Други општи и тековни донации, се заменува со "990,оо" ден. (во 000 ден.).

Во расходниот дел од истата програма се вршат следниве измени: Износот од "1.835,оо" ден. (во 000 ден.), во потставката 442190 - Други трансфери од областа на културата - по програма за култура се заменува со "4.335,оо" ден. (во 000 ден.). Исто така во потставката 482.930 - Реконструкција на други објекти, износот од "423.оо" ден. (во 000 ден.) се заменува со "1.526,оо" ден. (во 000 ден.) и во потставката 463110 - Трансфери до здруженија на граѓани и фондации износот од "400,оо" ден. (во 000 ден.) се заменува со "287,оо" ден. (во 000) ден.)

Член 3

Во Образец Б2 - Програма - Комунални работи, уредување на градежно земјиште, патишта, улици и улично осветлување, во расходниот дел се вршат следниве измени: износот од "14.422,оо" ден. (во 000 ден.) во потставката 424390 - Одржување на други градби се заменува со "13.222,оо" ден. (во 000 ден.); во потставката 464990 - Други трансфери, износот од "0,00" ден. се заменува со "900,оо" ден. (во 000 ден.); во потставката 481120 - Набавка или нова изградба на станбени згради, износот од "0,00" ден. се заменува со "660,оо" ден. (во 000 ден.); и во потставката 482120 - Изградба на улици патишта и автопати износот од 9.810,оо (во 000 ден.) се заменува со износот "9.450,оо" ден. (во 000 ден.).

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-666/2
12.04.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

21.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за затворање на постојните сметки во деловната банка и отворање на нови сметки на Општина Велес во рамките на трезорската сметка

Се прогласува Одлуката за затворање на постојните сметки во деловната банка и отворање на нови сметки на Општина Велес во рамките на трезорската сметка, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.04.2005 година.

Број 0801-678/2
14 април 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 3-ѓ, став 3 од Законот за Буџетите („Сл.весник на Република Македонија" бр.79/93, 3/94,71/96, 46/0011/01, 93/01,46/02, 24/03, 85/03 и 96/04),член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („ Сл.весник на Република Македонија" бр.5/02), и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седница одржана на 12.04.2005 година донесе,

О Д Л У К А
за затворање на постојните сметки во деловната банка и отворање на нови сметки на Општина Велес во рамките на трезорската сметка

Член 1

Со оваа Одлука се врши затворање на сметката 300270000004145 - Буџетот на Општина Велес и сметка 300270000004048-Советот на Општина Велес ,носител на платен промет-Комерцијална банка - Скопје.

Член 2

За продолжување на нормалното финансиско функционирање на општината и спроведувањето на Фискалната децентрализација,се отвораат нови сметки во рамките на трезорската сметка.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес",а ќе се применува од денот на отварањето на новите сметки во рамките на трезорската сметка.

Број 0701-666/3
12.04.2005
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

22.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за учество и поддршка на проекти аплицирани во рамките на "Проектот за развој на општините"

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за учество и поддршка на проекти аплицирани во рамките на "Проектот за развој на општините", што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.04.2005 година.

Број 0801-678/3
14 април 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општитна Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за учество и поддршка на проекти аплицирани во рамките на
"Проектот за развој на општините"

Член 1

Во Одлуката за учество и поддршка на проекти аплицирани во рамките на "Проектот за развој на општините" ("Сл.гласник на Општина Велес"бр. 1/05), се врши следнава измена:

Во член 3 после зборот"година", зборовите до крајот на реченицата се бришат и се заменуваат со зборовите " точка III -Изградба на улици,позиција 2 ул „Луј Пастер" во висина од 360.000,оо денари и дел од точка XI -Разни зафати, позиција 1 „Пешачки надвозник Тунел" во висина од 540,000,оо денари .

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-666/4
12.04.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

23.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за купување на недвижен имот - куќа

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за купување на недвижен имот - куќа, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.04.2005 година.

Број 0801-678/4
14 април 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општитна Велес " бр.1/03),

Советотна Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за купување на недвижен имот - куќа

Член 1

Во Одлуката за купување на недвижен имот - куќа ("Сл.гласник на Општина Велес"бр. 5/04 и 1/05), се врши следнава измена,

ставот 1 од член 3 се брише и се заменува со нов кој гласи:

„ Средствата во висина од 660.000,оо денари, потребни за реализирање на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Велес по Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2005 година-точка XI Разни зафати-позиција 17 ".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-666/5
12.04.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

24.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2005 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување наПрограмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2005 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.04.2005 година.

Број 0801-678/5
14 април 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште ("Сл.весник на РМ" бр.33/01) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2005 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште на просторот на Општина Велес за 2005 година

1.Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2005 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-666/6
12.04.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ"бр.53/01) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2005 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2005 година

1.Во Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2005 година ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 8/04) се врши измена:

во глава В.

- Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште :

- Во точка XI - Разни зафати (изградба и одржување),

- во позицијата "1" *Пешачки надвозник* "*Тунел*" износот "1.200.000,оо" ден. се брише и се заменува со "540.000,оо", а процентот "18,96" се брише и се заменува со "8,61";

- со намалување на износот на позиција "1" се менуваат процентите и на наредните позиции, и се додава една нова позиција која гласи:

"17" - *Купување на капитален објект (куќата на ЈХК Џинот)* со износ "660.000,оо" ден., и процент "10,53".

2.Оваа Програма влегува во сила на денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-666/6
12.04.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

25.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2005 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2005 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.04.2005 година.

Број 0801-678/6
14 април 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 7, точка 3 од Законот за култура-пречистен текст ("Сл.весник на РМ" бр.66/03) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2005 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2005 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои

Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2005 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-666/7
12.04.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 7, точка 3 од Законот за култура - пречистен текст ("Сл.весник на РМ" 66/03) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2005година, донесе

П Р О Г Р А М А

за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2005 година

1. Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2005 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.8/04), се вршат следните измени во табеларниот преглед:

„- позицијата под реден број 16 - Учество на Министерство за култура во реализација на проектот „Велес-град на културата 2005 " се поместува непосредно по позиција 15 со износ 2.500.000 ден.

- износот во позицијата „Вкупно" се менува и гласи 4.335.000 денари ".

2. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-666/7
12.04.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов.с.р.

26.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој

Се прогласува Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.04.2005 година.

Број 0801-678/7
14 април 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на члєн 32, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02),член 33 и член 34, став 1, алинеа 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на претседател и членови на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој

1. Со ова Решение се именува претседател и членови на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој и тоа:

за претседател на Комисијата се именува:

- Оливер Гашев - член на Советот

2. За членови на Комисијата се именуваат:

- Дејан Гавазов - член на Советот
- Фехим Јусовиќ- член на Советот
- Ацо Петров - член на Советот
- Ангел Сараулев - член на Советот

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-666/8
12.04.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

27.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

Се прогласува Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.04.2005 година.

Број 0801-678/8
14 април 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на члєн 32, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 33 и член 34, став 1, алинеа 2 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на претседател и членови на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина

1. Со ова Решение се именува претседател и членови на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и тоа:

за претседател на Комисијата се именува:

- Томе Јаневски - член на Советот

2. За членови на Комисијата се именуваат:

- Весна Џајкова - член на Советот
- Зоран Ѓуровски- член на Советот
- Трајко Бабунски - член на Советот
- Пандорка Настова - член на Советот

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-666/9
12.04.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

28.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за Статут и прописи

Се прогласува Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за Статут и прописи, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.04.2005 година.

Број 0801-678/10
14 април 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 32, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02),член 33 и член 34, став 1, алинеа 4 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на претседател и членови на Комисијата за Статут и прописи

1. Со ова Решение се именува претседател и членови на Комисијата за Статут и прописи и тоа:

за претседател на Комисијата се именува:

- Трајче Бабунски - член на Советот

2. За членови на Комисијата се именуваат:

- Блажо Атанасов - член на Советот
- Бејхан Мемедов- член на Советот

.- Оливер Гашев - член на Советот
- Валентина Делиманчева Андреева - член на Советот

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-666/11
12.04.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

29.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за општествени дејности

Се прогласува Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за општествени дејности, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.04.2005 година.

Број 0801-678/9
14 април 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 32, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02),член 33 и член 34, став 1, алинеа 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на претседател и членови на Комисијата за општествени дејности

1. Со ова Решение се именува претседател и членови на Комисијата за општествени дејности и тоа:

за претседател на Комисијата се именува:

- Весна Стојанова Богоевска - член на Советот

2. За членови на Комисијата се именуваат:

- Ефтимија Карбева Лукарова - член на Советот
- Никола Нацев- член на Советот
- Славчо Чадиев - член на Советот
-Флорентина Ристовска Шурбевска - член на Советот

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-666/10
12.04.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

30.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за определување на имиња на улици, плоштади и останати инфраструктурни објекти во Општина Велес

Се прогласува Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за определување на имиња на улици, плоштади и останати инфраструктурни објекти во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.04.2005 година.

Број 0801-678/11
14 април 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 32, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.04.2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на претседател и членови на Комисијата за определување на имиња на улици, плоштади и останати инфраструктурни објекти во Општина Велес

1.Со ова Решение се именува претседател и членови на Комисијата за определување на имиња на улици, плоштади и останати инфраструктурни објекти во Општина Велес и тоа:

за претседател на Комисијата се именува:

- Илија Димовски - член на Советот

2. За членови на Комисијата се именуваат:

- Славчо Чадиев - член на Советот
- Весна Стојанова Богоевска - член на Советот
- Никола Нацев- член на Советот
- Зоран Ѓуровски - член на Советот

3.Комисијата по завршувањето на својата работа, потребно е да достави Предлог-одлука за определување на имиња на улици, плоштади и останати инфраструктурни објекти до Советот на Општина Велес.

4.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-666/12
12.04.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

И С П Р А В К А

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2005 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 8/04) направена е техничка грешка во табеларниот преглед во точка 15. Во колона „предвидени средства во денари“, износот „325.000“ треба да биде „225.000“.

Бр на акт	Содржина	Страница
20	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2005 година** **О Д Л У К А за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2005 година**	35
21	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за затворање на постојните сметки во деловната банка и отворање на нови сметки на Општина Велес во рамките на трезорската сметка** **О Д Л У К А за затворање на постојните сметки во деловната банка и отворање на нови сметки на Општина Велес во рамките на трезорската сметка**	36
22	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за учество и поддршка на проекти аплицирани во рамките на "Проектот за развој на општините"** **О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за учество и поддршка на проекти аплицирани во рамките на "Проектот за развој на општините"**	36
23	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за купување на недвижен имот - куќа** **О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за купување на недвижен имот - куќа**	37
24	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2005 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно замјиште на просторот на Општина Велес за 2005 година** **П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2005 година**	37
25	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување наПрограмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2005 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2005 година** **П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2005 година**	38

Бр на акт **Страница**

26	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој** **Р Е Ш Е Н И Е за именување на претседател и членови на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој**	39
27	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина** **Р Е Ш Е Н И Е за именување на претседател и членови на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина**	40
28	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за Статут и прописи** **Р Е Ш Е Н И Е за именување на претседател и членови на Комисијата за Статут и прописи**	40
29	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за општествени дејности** **Р Е Ш Е Н И Е за именување на претседател и членови на Комисијата за општествени дејности**	41
30	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за определување на имиња на улици, плоштади и останати инфраструктурни објекти во Општина Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за именување на претседател и членови на Комисијата за определување на имиња на улици, плоштади и останати инфраструктурни објекти во Општина Велес**	41
	И С П Р А В К А	42

Издавач Општина Велес, телефон 043/232-406, 043/232-966,

Жиро-сметка 300-27000000-48